Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А

# Б И Л Т Е Н
## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
# 80

**16 Ноември 2018 година**
**Скопје**

**СОДРЖИНА**

**Извештај за оценка на докторски труд** на кандидатот м-р Ѓорѓи Вељовски ......... 1625

ДО

НАСТАВНО-НАУЧЕН СОВЕТ НА ВОЕНА АКАДЕМИЈА

„ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ - СКОПЈЕ

**Предмет: м-р Ѓорѓи Вељовски, потполковник, Извештај за оценка на докторски труд**

Со одлука на Наставно-научниот совет на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, број 03-11/188 од 16.11.2018 година, одредена е Комисија за оценка на докторсиот труд **„Примена на оперативната вештина и елементите на оперативен дизајн во борбата против современиот тероризам“**, изработена од кандидатот **м-р Ѓорѓи Вељовски, потполковник.**

По спроведувањето на целосната постапка а врз основ на член 34 од Правилникот за условите, за критериумите и за правилата за запишување и студирање трет циклус – докторски студии на воена академијата „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, комисијата го поднесува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ

## за оценка на докторскиот труд

### Научен придонес

Докторската дисертација со наслов **„Примена на оперативната вештина и елементите на оперативен дизајн во борбата против современиот тероризам“** од м-р Ѓорѓи Вељовски, под менторство на проф. д-р Методија Дојчиновски од Воената академија како интерен ментор и проф. д-р. Злате Димовски од Факултетот за безбедност при УКЛО-Битола како екстерен ментор, успешно е завршена и претставува сериозен истражувачки зафат од соодветната област. Од реализираните научни

истражувања за време на изработката на дисертацијата добиени се значајни научни резултати кои придонесуваат за развојот на науката и праксата од областа на интегралната безбедност. Научниот придонес на овој труд се огледа во аналитичкото разработување на проблемот на современиот тероризам и нудењето на решенија за справување со обработуваниот проблем преку моделирање, користејќи го оперативниот дизајн, како нова методологија на изучување и истражување на современите форми на тероризам, преку користењето на искуствата од други држави, кои се во функција на обезбедување на лична и колективна безбедност.

## Апликативен придонес

Оригиналниот придонес на трудот е всушност примената на оперативната вештина и методологијата на оперативниот дизајн за справување со современиот тероризам како комплексен проблем кој и понатаму ќе доминира како критична закана за националната и меѓународна безбедност. Анализата на терористичките групи или организации со елементите на оперативен дизајн овозможува длабоко разбирање на проблемот со цел согледување на соодветна оперативна вештина која државата треба да ја практикува за нејзино сузбивање. Според ова, оперативниот дизајн има потенцијал да прерасне во уникатна алатка за рано предупредување за потребите на креаторите на безбедносни политики. Дополнително, квалитетот на кандидатот, ја зголемува подготвеноста и можноста да биде имплементира предложената техника и преку неа да се добиваат позитивни резултати и градат искуства и знаења за етиолошките и феноменолошките аспекти на современиот тероризам.

## Начин на пишување и изнесување на материјата

Докторската дисертација е напишана на 137 страници, со вкупно 186 фусноти од 125 извори и содржи 15 табели. Дисертацијата ги содржи следниве поглавја: вовед, преглед на литература, цел на истражување, методи на истражувачката работа, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература. Кандидатот преку изложеното во докторската дисертација докажува дека владее со теоретско-методолошките постапки и успешно ги користи методолошките алатки, што наведува на заклучок дека ја владее научно-истражувачката работа, преку добивањето, анализата и

интерпретацијата на емпириските податоци. Применетите техники за добивање на податоци, нивна експликација и вклопување во темата, како и аргументацијата на хипотетичките ставови, изразени во главната и помошните хипотези, зборуваат за квалитетите на докторскиот труд, за успешно селектираните и применувани техники и методи на истражување и владеењето со техничките алатки.

Кандидатот ја истакнува очигледната потреба од нов начин на кој се гледа и разбира местото и улогата на тероризмот како форма на војување. Кандидатот посочува дека оперативната вештина и оперативниот дизајн можат да понудат сеопфатни решенија за државите успешно да се спротивстават на тероризмот. За да се потврдат хипотезите на ова истражувањето кандидатот врши анализа на случаи со помош на елементите на оперативен дизајн на пет терористички организации кои се актуелни и релевантни во денешното оперативно опкружување. Кандидатот ја демонстрира соодветноста на предложената методологија и потребата да се гледа борбата против тероризмот низ призмата на против-бунтовничката доктрина, низ која се утврдува дека во досегашната противтерористичка стратегија има неконзистентност и ја потврдува потребата од оперативниот дизајн како решение кое се покажа како успешно во противбунтовничките операции. Преку компаративна анализа на терористичките организации според елементите на оперативен дизајн и компаративна анализа на терористичките организации според специфичните карактеристики од елементите на оперативен дизајн, се открива зачестеноста на заедничките карактеристики на различни терористички организации.

Со тоа кандидатот утврдува дека современиот тероризам има форма на бунтовништо и најавува потреба од глобализација на борбата против тероризмот со примена на заеднички утврдена методологија. Кандидатот заклучува дека досегашните безбедносни политики не се доволни за да го сузбијат тероризмот и цени дека интеграцијата на оперативната вештина и оперативниот дизајн во безбедносниот систем на државите може значително ја подобри националната и меѓународна безбедност.

### Конзистентност на деловите во рамките на целината

Истражувањето е спроведено согласно постоечките научно-истражувачки методи предвидени за општествените науки, но имајќи го

предвид нивото на истражување, темелно е навлезено во детерминирањето на оперативната вештина и оперативниот дизајн. Клучните точки се лоцирани низ формите, фазите и структурата на оперативниот дизајн, трансформирајќи го нивното значење и ефекти на реалниот опсег на делување на современиот тероризам, бунтовништвото, заканите и ризицвите, како и потребата од глобална стратегија за борба против тероризмот. Оперативната вештина и елементите на оперативниот дизајн претставуваат начини на пристап кон модерните согледувања, истражувања и модели на делување на терористичките организации, објаснети во трудот.

Според тоа, оперативниот дизајн претставува ефективна алатка за анализа на случаите (терористичките организации) и ефикасноста на постоечките стратегии на ЕУ и НАТО. Од друга страна, направена е темелна споредба на резултатите низ практична компарација во која елементите од оперативниот дизајн се употребени за идентификување на позициите на најпознатите терористички организации (Хамас, Хезболах, Ал Каеда, ДАЕШ и ПКК). Алатката поставува современ пристап кон верификување на разликите, целите, методите, условите, центарот на гравитација, одлучувачките моменти, линиите на отпор, темпото, длабочината, фазите на транзиција и останатите аспекти на практичното дизајнирање.

Прикажувањето и толкувањето на резултатите се јасно детерминирани од аспект на целосна анализа на влијанието на тероризмот на локално, регионално и глобално рамниште, како и откривањето на причините за екстремизмот и радикализацијата како основа за проблемот. Истражувањето се оценува како позитивно во однос на градењето, развојот и одржувањето на соодветни интитуционални капацитети и способности за справување со комплексни задачи и се базира на критично, креативно и систематско размислување и овозможува правилно насочување на елементите на националната моќ.

## Заклучок и предлог

Комисијата за оценка на докторскиот труд **„Примена на оперативната вештина и елементите на оперативен дизајн во борбата против современиот тероризам“**, пријавена и изработена од кандидатот м-р Ѓорѓи Вељовски, донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати.

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека проблематиката систематично е разработена и пристапено е кон реализација на сите поставени цели и истите се реализирани. Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд, кој има посебен придонес во областа на интегрална безбедност. Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Воената академија да го прифати извештајот за оценка на докторскиот труд со наслов **„Примена на оперативната вештина и елементите на оперативен дизајн во борбата против современиот тероризам"** изработена од кандидатот м-р Ѓорѓи Вељовски и да одобри јавна одбрана на истата.

**К О М И С И Ј А**

**Д-р Славко Ангелевски, ред. проф. полк. претседател**

**Д-р Методи Хаџи Јанев, вон. проф. бриг. ген. член**

**Д-р Митко Богдановски, вон. проф. полк. член**

**Д-р Злате Димовски, ред. проф. екстерен ментор, член**

**Д-р Методија Дојчиновски, ред. проф. полк. ментор, член**